## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 24 став (4) од Законот за ѓубрињa („Службен весник на Република Македонија„ бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ЃУБРИЊА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во регистарот на увозници на ѓубриња.

### Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „ Барањето за упис во регистарот на увозници на ѓубриња “, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лицеподносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и документацијата што се доставува, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13064
16 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог

ДО
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Управа за семе и саден материјал

## Б А Р А Њ Е

за упис во регистарот на увозници на ѓубрива

Од______________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето)

______________________________________________

( седиште на правно лице/адреса на физичкото лице- подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Кон барањето ја доставувам следната документација:

Датум и место на поднесување ______________________ ______________________

Барател ______________________.